Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 108/0306
30.06 20 26 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на јавна седница одржана на 17.06.2026 година, врз основа на примена жалба од **Трифун Костовски,** најпрво расправаше, а потоа и го усвои следново:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА**

Во поткастот **„Претрес“ на Трифун Костовски: Нова партија, пропадната банка, масонство, старите пресметки**, на **медиумската платформа ПРВА ТВ.мк (prvatv.mk),** емитуван на 04.06.2026 г., нема отстапување од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот Трифун Костовски до СЕММ на 09.06.2026 г., упати жалба за интервјуто со него спроведено од Кристијан Ландов и емитувано во поткастот „Претрес“ на медиумската платформа ПРВА ТВ.мк  на 04.06.2026 г., при што се жали на прекршување на повеќе елементи поврзани со Кодексот на новинарите на Македонија: непочитување на презумпцијата на невиност, точност и проверка на информациите, почитување на човечкото достоинство и избегнување сензационализам.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува: ...„Сите прашања во интервјуто без исклучок се формулирани така што претпоставуваат дека нешто се случило или го ставаат соговорникот во позиција да се брани од недокажано тврдење, односно се создава притисок врз соговорникот врз база на нешто недокажано. Водителот создаваше „драмска рамка“ наместо аналитичко интервју, со зголемување на емотивната а не фактичката тежина на прашањата...„Во интервјуто, според мојата оценка, на повеќе места се користи комуникација која може да се толкува како навредлива, потсмевувачка со недолично насочување кон соговорникот, при што се создава впечаток дека новинарот не одржува професионална дистанца и не го почитува елементарното достоинство на интервјуираниот. Дополнително, во одредени делови од разговорот се забележува мешање на лични ставови и вредносни оценки на Ландов со новинарски прашања, што може да доведе до замаглување на границата меѓу фактите и личните мислења...“, наведува Костовски.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот и линкот од објавата), како и пошироко образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни за наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ беше доставен одговор од медиумот во кој се отфрлаат наводите од жалбата и, меѓу другото, се наведува: „Г. Костовски не беше поканет како приватно лице, туку како долгогодишна јавна личност: бизнисмен, поранешен градоначалник на Скопје, поранешен политички актер, мнозински акционер на банка која заврши во стечај и лице кое најавуваше можно враќање на политичката сцена. Оттука, темите за неговото јавно делување, бизниспроекти, политички одлуки, јавни контакти, Еуростандард банка, приватизацијата и неговите сопствени ставови се прашања од неспорен јавен интерес“....

Во одговорот потпишан од авторот на подкастот Кристијан Ландов детално се коментираат забелешките во жалбата, при што се наведува дека во многу случаи жалителот ги извадил зборовите и речениците од контекст и се наведува следното:

„Прашањата се однесуваат на теми од јавен интерес; г. Костовски е јавна личност и е релевантен соговорник за тие теми; не е изнесена вина како факт; не е соопштено дека постои судска пресуда, ниту дека тој има или нема вина; не е пласирана неточна информација како докажан факт; г. Костовски добил простор да одговори, да негира, да објасни и да ја изнесе својата позиција; делови од претставката се извадени од контекст, особено примерот со „Моите извори од Кондово", кој во реалноста претставува прашање на кое тој дава потврден одговор, а не импликација за криминална поврзаност; подкастот е дебатно-разговорен формат, а не класичен информативен прилог".

Медиумот во опширниот и деталниот одговор оценува дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека во подкастот „Претрес" на Трифун Костовски: Нова партија, пропадната банка, масонство, старите пресметки, на медиумската платформа ПРВА ТВ.мк (prvatv.mk), емитуван на 04.06.2026 г., нема отстапување од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за интервју со бизнисменот и политичарот Трифун Костовски во кое се разговара за многу теми што се од јавен интерес, од бизнис, политика, корупција, итн.

Комисијата го оценуваше интервјуто на медиумот првенствено од етички аспект во однос на членовите на Кодексот на новинарите на Македонија, како и на соодветните одредби од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите од СЕММ, при што утврди дека не постои прекршување.

Комисијата со мнозинство гласови најпрво констатираше дека подкастот „Претрес" по својата природа се води во конфронтирачки и полемички формат, заснован врз судир на ставови, контроверзии и директна расправа што оди во живо и во кој редовно се читаат и нефилтрирани коментари од публиката. Од таму Комисијата смета дека остриот тон, прекинувањата, инсистирањето на одговори и судирот меѓу соговорниците сами по себе тешко можат да се третираат како етички прекршок. Токму поради природата на форматот која е релевантна за оценка на тоа што е легитимна конфронтација, а што преминување во навреда или злоупотреба.

Освен ова, Комисијата оценува дека од снимката на емисијата не произлегува впечаток на еднострана пресметка или немоќ на соговорникот. Напротив, разговорот во голема мера функционира како двонасочен судир во кој жалителот возвраќа, влегува во расправа со новинарот, ги оспорува неговите тези, поставува контрапозиции и самиот користи остри квалификации, нарекувајќи го новинарот, меѓу другото, и како „мало мангупче“.
Комисијата оценува дека нема простор за етичко прекршување на точноста и вистинитоста, поврзани со член 1 од Кодексот, затоа што најголем дел од спорните содржини не се претставуваат како потврдена информација или фактографско тврдење, туку како дел од полемика, сомнеж, провокација или отворање контроверзна тема.

Од тука, Комисијата смета дека нема место за прекршување и на други членови од Кодексот поврзани со непочитување на презумцијата на невиност, или пак за избегнување на сензационализам при известувањето. Имено, интервјуто е полно со инсинуации, сомнежи, па и провокативни конструкции. Но, тоа не е исто што и третирање на некого како виновен за конкретно кривично дело. Новинарот отвора теми, проблематизира, притиска, понекогаш и сугерира, но тешко е да се каже дека, во смисла на Кодексот, го претставува жалителот како лице чија вина е несомнена. Особено што станува збор за интервју во кое соговорникот има простор веднаш да возврати, демантира и аргументира.

Според Комисијата и аргументите за сензационализам немаат основа. Суштината е повторно во форматот на поткастот, бидејќи станува збор за дефинирани правила на емисија што се базира на конфронтација и остар тон.

Дел од членовите на Комисијата имаа издвоено мислење и оценија дека новинарот само навидум собрал „факти и информации“ за случаите за кои му поставува прашања на соговорникот и дека интервјуто е направено на сензационалистички начин, без доволна подготовка и проверка на фактите и информациите.

Поради погоре наведените аргументи Комисијата на крајот со мнозинство гласови заклучи дека нема отстапување од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата со мнозинство гласови одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Тамара Чаусидис, Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Жана Божиновска, Сефер Тахири и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Тамара Чаусидис

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595